**20231102064**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 мај 2023 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026 И НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 262/21), во член 3, став 1, во алинејата 2 зборовите „за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси“ се заменуваат со зборовите „задолжен за политики за добро владеење“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4067/5
23 мај 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.